РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 04-49/5
10.02. 2020 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 12 став 2 алинеја 7 од Статутот на Националната установа, Конзерваторски центар-Скопје, член 77-ж од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.04-49/4 од 06.02.2020 година, Годишниот план за вработување за 2019 година, добиената согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансиии, ја донесувам следната

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2019 за вработување на даватели на услуги

1. Врз основа на објавениот Оглас за вработување бр.01/2019 и Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување се избира кандидатот, Нита Муча, за работното место Стручен работник за уметничко наследство, со звање конзерватор, ниво КУЛ 03 04 Д03 003, во Одделението за археологија и историја на уметност, Сектор за конзервација и ревитализација.
2. По конечноста на Одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на веб страницата и на огласната табла на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основ на Годишниот план за вработување на установата за 2019 година, а по претходна добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, НУ Конзерваторски центар – Скопје објави оглас за вработување на даватели на услуги, на неопределено време.

На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ и на веб страната на установата на 06.12.2019 година, целосна и уредна документација имаа поднесно шест кандидати, за работно место Стручен работник за уметничко наследство, со звање конзерватор.

Комисија за спроведување на постапката за вработување, изврши проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите наведени во огласот, а потоа со пријавените кандидати кои ги исполнуваа потребните услови, се спроведе интервју, за што е изработен Записник бр. бр.04-49/4 од 06.02.2020 година, кој содржи предлог ранг листа за кандидати, и истиот му го достави на директорот.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена, преку НУ Конзерваторски центар-Скопје, да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

Доставено до:
- архива
- пријавени кандидати
- правна служба

**ДИРЕКТОР,**

**Коле Чапкановски**

Изработил:
Даниела Конева
Секретар-правник